# Состојба со COVID-19 во Северна Македонија и светот

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, период 10-16.04.2023

Тестиран е вкупно 1.001 материјал во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, со намалување од 16,2% во однос на минатата недела (n=1.195).

Регистрирани се 93 нови позитивни случаи, со намалување од 34,0% во однос на минатата недела (n=141). Процентот на позитивност се движи од 4,8% до 13,9%, просечно 9,4%.

***Табела 1.*** *Тестирани и позитивни во период од 10-16.04.2023*

| *Датум* | *Тестирани* | *Позитивни* | *% на позитивност* |
|---|---|---|---|
| 10.4.2023 | 280 | 28 | 10,0% |
| 11.4.2023 | 230 | 16 | 7,0% |
| 12.4.2023 | 151 | 21 | 13,9% |
| 13.4.2023 | 185 | 15 | 8,1% |
| 14.4.2023 | 63 | 3 | 4,8% |
| 15.4.2023 | 52 | 5 | 9,6% |
| 16.4.2023 | 40 | 5 | 12,5% |
| ***Вкупно*** | ***1.001*** | ***93*** | ***9,4%*** |

Во тековната недела, регистрирани се заболени лица во општините од 14 градови. Најголем дел од регистрираните случаи се од Скопје (n=45; 48,4%) додека највисока инциденца се регистрира во Прилеп (n=32, I=12,6/100.000 жители). (*Табела 2*).

Регистрирани се заболени лица во сите возрасни групи, со најголем број на случаи пријавени во возрасната група над 60 години (n=47; 50,5%). Со оглед на малиот број на пријавени случаи, зголемувањето/намалувањето по возрасни групи е варијабилно.

Во текот на минатата недела (10-16.04.2023) со статус „оздравени“ се стекнале 158 лица во хоспитални услови или на домашно лекување, за 2 повеќе во однос на минатата недела (n=156).

Во текот на минатата недела, пријавени се 26 реинфекции, за 44,7% помалку во однос на претходната недела (n=47).

Пријавено е едно починато лице со датум на смрт во текот на последната недела (10-16.04.2023), од Велес, на возраст од 86 години, со коморбидитети и починато во болнички услови.

Во однос на состојбата во светот, по земји, најновите податоци од СЗО се на следниот линк - https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/situation-reports/

## КУМУЛАТИВНА СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Заклучно со 16.04.2023, пријавени се вкупно 348.057 случаи на COVID-19 (I=18.950,0/100.000).

Најголем дел од заболените се регистрирани во Скопје, Куманово и Битола, а највисок морбидитет е регистриран во Кавадарци (30.878,6/100.000) и Скопје (27.141,7/100.000). Највисок морталитет се регистрира во Охрид и Кавадарци. Највисок леталитет се регистрира во Струга (*Табела 2*).

***Табела 2.*** *Кумулативна дистрибуција на заболени од COVID-19 по ЦЈЗ/ПЕ, РС Македонија, до 16.04.2023*

| Дистрибуција по градови | Заболени (вкупно) | Морбидитет | Умрени (вкупно) | Морталитет (кумулативно) | Леталитет (кумулативно) | Оздравени (вкупно) | Активни случаи (вкупно) | Заболени (последни 7 дена) | Инциденца последни 7 дена | Заболени последни 14 дена | Инциденца последни 14 дена | Промена на инциденца во два 14 дневни периоди |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **348057** | **18950,0** | **9771** | **532,0** | **2,8%** | **338134** | **220** | **93** | **5,1** | **233** | **12,7** | **▼ 29,8%** |
| Скопје | 164752 | 27141,7 | 3298 | 543,3 | 2,0% | 161401 | 101 | 45 | 7,4 | 120 | 19,8 | ▼ 30,6% |
| Куманово | 18433 | 14875,8 | 647 | 522,1 | 3,5% | 17764 | 18 | 7 | 5,6 | 18 | 14,5 | ▲ 5,9% |
| Битола | 18270 | 19625,1 | 505 | 542,5 | 2,8% | 17748 | 24 | 11 | 11,8 | 28 | 30,1 | ▼ 28,2% |
| Прилеп | 15857 | 18160,1 | 607 | 695,2 | 3,8% | 15216 | 32 | 11 | 12,6 | 27 | 30,9 | ▼ 47,1% |
| Тетово | 14546 | 8715,5 | 609 | 364,9 | 4,2% | 13934 | 10 | 2 | 1,2 | 3 | 1,8 | ▼ 75,0% |
| Кавадарци | 12206 | 30878,6 | 288 | 728,6 | 2,4% | 11914 | 2 | 3 | 7,6 | 4 | 10,1 | ▼ 33,3% |
| Велес | 10859 | 18208,2 | 332 | 556,7 | 3,1% | 10524 | 5 | 3 | 5,0 | 8 | 13,4 | ▲ 300,0% |
| Охрид | 10437 | 18925,8 | 408 | 739,8 | 3,9% | 10024 | 10 | 5 | 9,1 | 9 | 16,3 | ▼ 50,0% |
| Гостивар | 10299 | 12166,0 | 430 | 508,0 | 4,2% | 9869 | 1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Штип | 8829 | 18284,8 | 248 | 513,6 | 2,8% | 8580 | 2 | 0 | 0,0 | 2 | 4,1 | ▼ 33,3% |
| Струмица | 8820 | 11160,7 | 386 | 488,4 | 4,4% | 8434 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Кичево | 6092 | 15357,1 | 232 | 584,8 | 3,8% | 5859 | 0 | 1 | 2,5 | 1 | 2,5 | ▲ 100,0% |
| Кочани | 5563 | 14206,2 | 227 | 579,7 | 4,1% | 5336 | 1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Струга | 5222 | 9790,2 | 309 | 579,3 | 5,9% | 4912 | 2 | 1 | 1,9 | 2 | 3,7 | ▲ 100,0% |
| Гевгелија | 4927 | 22829,2 | 131 | 607,0 | 2,7% | 4795 | 1 | 1 | 4,6 | 1 | 4,6 | ▲ 100,0% |
| Неготино | 4172 | 22930,6 | 89 | 489,2 | 2,1% | 4082 | 1 | 1 | 5,5 | 2 | 11,0 | ▲ 100,0% |
| Ресен | 3040 | 21150,8 | 64 | 445,3 | 2,1% | 2974 | 2 | 1 | 7,0 | 3 | 20,9 | ▲ 100,0% |
| Радовиш | 2846 | 10600,8 | 106 | 394,8 | 3,7% | 2740 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Свети Николе | 2805 | 15952,0 | 80 | 455,0 | 2,9% | 2725 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Крива Паланка | 2669 | 12400,1 | 129 | 599,3 | 4,8% | 2538 | 1 | 1 | 4,6 | 2 | 9,3 | ▲ 100,0% |
| Делчево | 2194 | 16150,2 | 74 | 544,7 | 3,4% | 2120 | 2 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Берово | 1892 | 17373,7 | 60 | 551,0 | 3,2% | 1832 | 1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Дебар | 1822 | 9523,3 | 83 | 433,8 | 4,6% | 1739 | 1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Валандово | 1610 | 15321,7 | 51 | 485,3 | 3,2% | 1559 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Виница | 1480 | 10224,5 | 68 | 469,8 | 4,6% | 1412 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Пробиштип | 1306 | 9733,9 | 52 | 387,6 | 4,0% | 1254 | 1 | 0 | 0,0 | 1 | 7,5 | ▲ 100,0% |
| Кратово | 1139 | 15096,1 | 38 | 503,6 | 3,3% | 1101 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Богданци | 1114 | 15179,2 | 30 | 408,8 | 2,7% | 1084 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Крушево | 1044 | 12450,8 | 46 | 548,6 | 4,4% | 998 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Демир Хисар | 940 | 12947,7 | 43 | 592,3 | 4,6% | 895 | 2 | 0 | 0,0 | 2 | 27,5 | ▲ 100,0% |
| Македонски Брод | 804 | 7951,7 | 32 | 316,5 | 4,0% | 772 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Демир Капија | 635 | 16812,3 | 20 | 529,5 | 3,1% | 615 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Македонска Каменица | 540 | 8386,4 | 25 | 388,3 | 4,6% | 515 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Пехчево | 521 | 13080,6 | 16 | 401,7 | 3,1% | 505 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Дојран | 372 | 12062,3 | 8 | 259,4 | 2,2% | 364 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |

Регистрирани се 165.925 (47,7%) машки и 182.132 (52,3%) женски заболени лица.

Најголем број на заболени се на возраст над 60 години – 89.338 (25,7%), додека највисок морбидитет (26.176,7/100.000) се регистрира кај возрасната група од 30-39 години (*Графикон 1*).

***<u>Графикон 1</u>. Дистрибуција на заболените од COVID-19 според возрасна група (n=348.057)***




Во однос на <u>датумот на пријавување</u>, првиот случај е регистриран на 26.02.2020. Најголем број на заболени на неделно ниво (n=11.882) е регистриран во текот на четвртата недела во 2022. Се регистрира плато на бројот на случаите од 31/2022-15/2023 недела, со повремени флуктуации кои се резултат на нискиот број на тестирани и позитивни лица (и празниците во текот на 15 недела (*Графикон 2*).

***<u>Графикон 2.</u> Дистрибуција на заболените од COVID-19 во Р. С. Македонија според недела на лабораториска дијагностика, до 16.04.2023 (n=348. 057)***



Според извештаите од болниците, моментално се <u>хоспитализирани 26 лица</u>, од нив 11 се на кислородна поддршка а нема пациенти на инвазивна/неинвазивна механичка вентилација. Регистрирани се <u>9.771 смртен случај</u> (Лт=2,8%). Најголем број се регистрирани во тек на 14/2021 (n=322). Најголем дел се машки (59,5%), а во однос на возраст - лица над 60 години (83,7%). Кај 81,0% се регистрирани коморбидитети. Од регистрираните случаи, 27 починале во тек на реинфекција. Регистрирани се 9 смртни случаи кај бремени и 42 смртни случаи кај здравствени работници. Од смртните случаи, 8.871 (90,8%) починале во хоспитални услови.

<u>Според исходот од заболувањето</u>, 152 лица (0,04%) се активни случаи, а 338.134 случаи (97,15%) се водат како оздравени, кои биле или хоспитализирани или на домашно лекување (*Табела 3*).

***<u>Табела 3.</u>*** *Исход на заболување по градови, Р.С. Македонија (n=348.057)*

| Дистрибуција по град | Болест во тек | Оздравен | Смртен исход | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 53 | 161401 | 3298 | 164752 |
| **Куманово** | 22 | 17764 | 647 | 18433 |
| **Битола** | 17 | 17748 | 505 | 18270 |
| **Прилеп** | 34 | 15216 | 607 | 15857 |
| **Тетово** | 3 | 13934 | 609 | 14546 |
| **Кавадарци** | 4 | 11914 | 288 | 12206 |
| **Велес** | 3 | 10524 | 332 | 10859 |
| **Охрид** | 5 | 10024 | 408 | 10437 |
| **Гостивар** | | 9869 | 430 | 10299 |
| **Штип** | 1 | 8580 | 248 | 8829 |
| **Струмица** | | 8434 | 386 | 8820 |
| **Кичево** | 1 | 5859 | 232 | 6092 |
| **Кочани** | | 5336 | 227 | 5563 |
| **Струга** | 1 | 4912 | 309 | 5222 |
| **Гевгелија** | 1 | 4795 | 131 | 4927 |
| **Неготино** | 1 | 4082 | 89 | 4172 |
| **Ресен** | 2 | 2974 | 64 | 3040 |
| **Радовиш** | | 2740 | 106 | 2846 |
| **Свети Николе** | | 2725 | 80 | 2805 |
| **Крива Паланка** | 2 | 2538 | 129 | 2669 |
| **Делчево** | | 2120 | 74 | 2194 |
| **Берово** | | 1832 | 60 | 1892 |
| **Дебар** | | 1739 | 83 | 1822 |
| **Валандово** | | 1559 | 51 | 1610 |
| **Виница** | | 1412 | 68 | 1480 |
| **Пробиштип** | | 1254 | 52 | 1306 |
| **Кратово** | | 1101 | 38 | 1139 |
| **Богданци** | | 1084 | 30 | 1114 |
| **Крушево** | | 998 | 46 | 1044 |
| **Демир Хисар** | 2 | 895 | 43 | 940 |
| **Македонски Брод** | | 772 | 32 | 804 |
| **Демир Капија** | | 615 | 20 | 635 |
| **Македонска Каменица** | | 515 | 25 | 540 |
| **Пехчево** | | 505 | 16 | 521 |
| **Дојран** | | 364 | 8 | 372 |
| **ВКУПНО** | **152** | **338.134** | **9.771** | **348.057** |

Заклучно со 16.04.2023, регистрирани се вкупно 21.993 (6,3%) реинфекции.

Од 20.02.2020-16.04.2023 тестирани се вкупно 2.238.418 материјали, во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2 и во лабораториите/ здравствените установи во кои се спроведува брз антигенски тест.

Од вкупниот број на тестирани материјали, 1.476.714 или 66,0% се со молекуларно (PCR) тестирање, додека останатите 761.704 или 34,0% се со брз антигенски тест.

## ПРОЦЕНА НА РИЗИК ЗА ПОНАТАМОШНО ШИРЕЊЕ НА COVID-19 И ПРЕПОРАЧАНИ МЕРКИ

Репродукцискиот број на заразени од COVID-19 (R0) во Р. С. Македонија изнесува 1,03 заклучно со 09.04.2023, во споредба со претходната недела (0,71).

***Графикон 3.*** Дневна инциденца на 100.000 жители и R0, COVID-19, Р.С.М, до 16.04.2023




Според категоризацијата на ризикот и проценката на ситуацијата земајќи ги во предвид индикаторите на СЗО за можноста за понатамошна трансмисија и капацитетите за одговор на земјата[1] се проценува дека Република Северна Македонија е во фаза на широка трансмисија, подниво 1, со соодветни капацитети за одговор.

**Препорачани мерки за превенција и контрола од СЗО согласно проценетата фаза и подниво**

Се препорачува следење на основните мерки за превенција на КОВИД-19 и останати респираторни заразни заболувања.

[1]Извор: https://phsm.euro.who.int/calibrationTool

## ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

На 17.02.2021 во Р. С. Македонија започна вакцинацијата против COVID-19.

Заклучно со 16.04.2023, вакцинирани се вкупно 876.076 лица со барем една доза на вакцина против COVID-19 во државата и странство. Комплетно вакцинирани (со две дози) се вкупно 857.156 лица (Табела 4).

***Табела 4.*** *Вакцинирани лица против COVID-19, РСМ, по тип на вакцина/ доза*

| вакцина/ доза | Прва доза | Втора доза | Трета доза | Четврта доза | Петта доза | Вкупно аплицирани дози |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Pfizer/Biontech** | 375.982 | 366.707 | 162.968 | 8.508 | 1 | **914.166** |
| **Sinovac** | 251.189 | 245.484 | | | | **496.673** |
| **Sinopharm** | 153.573 | 152.869 | | | | **306.442** |
| **AstraZeneca** | 71.549 | 68.882 | | | | **140.431** |
| **Sputnik V** | 23.304 | 22.999 | | | | **46.303** |
| **Moderna** | 210 | 184 | 80 | 135 | | **609** |
| **Janssen*** | 269 | 31 | | | | **300** |
| **ВКУПНО** | **876.076** | **857.156** | **163.048** | **8.643** | **1** | **1.904.924** |

*вакцинирани само во странство

Со една доза на вакцина против COVID-19, во државата и странство, вакцинирани се 59,7% од населението над 18 годишна возраст, односно 55,2% од население над 12 годишна возраст, додека од вкупното население вакцинирани се 47,7%.

Опфатот со две дози на вакцина против COVID-19 кај населението над 18 годишна возраст изнесува 58,4%, односно 54,0% кај население над 12 годишна возраст. Опфатот со две дози кај вкупното население изнесува 46,7%.

Опфатот со трета доза кај населението над 18 годишна возраст изнесува 11,1%, додека кај населението над 12 годишна возраст е 10,3%. Опфатот со трета доза на вкупното население изнесува 8,9%.

Со четврта доза се вакцинирани вкупно 0,59% од населението над 18 годишна возраст, односно 0,54% од населението над 12 годишна возраст, а опфатот кај вкупното население изнесува 0,47%.

Најголем број на вакцинирани лица е регистриран во 33-та недела од 2021 година (n=102.132). Во текот на изминатата недела не се аплицирани нови дози на вакцини.

Скопје, 18.04.2023

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***